Совет на Општина Делчево
Број 09-745/2
21.04.2021 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 52.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 28.04.2021 година (среда), во Мултифункционалниот центар со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 15 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Дејан Георгиевски
3. Јулија Крстевска
4. Влатко Величковски
5. Кирил Тренчевски
6. Ванчо Велиновски
7. Славица Димитрова
8. Катица Трајкова Тасева
9. Сашко Јовановски
10. Кристи Стојковски
11. Вице Стоиловски
12. Дијана Јосифовски
13. Билјана Ѓеоргиевска
14. Николчо Ситновски
15. Сашко Ивановски

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски-претседател на Советот на Општина Делчево кој за 52.седница на Советот го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 51.седница

1. Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2020 година со Годишен финансиски извештај, со Заклучок за усвојување;

2.Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно-планскиот регион за 2015-2019 со Заклучок за усвојување;

Образлагач: Претставник на Центарот за развој на Источно-планскиот регион.

3.Завршна сметка на ЈКП „Брегалница“- Делчево за 2020;

4.Годишен извештај за работата на ЈКП „Брегалница“- Делчево за 2020 година со Заклучок за усвојување;

5.Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период

01.01.2021 до 31.03.2021 година со Заклучок за усвојување;

6.Измена на Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница“ за 2021 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач: По точките 3, 4, 5 и 6-Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

7. Предлог-Одлука за приоритетен предлог-проект и финансиско учество;

8.Предлог-Одлука за приоритетен предлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби;

Образлагач: По точките 7 и 8-Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР.

9.Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко-планската документација, објект со намена Трафостаница „БОНД“ по барање на ЕВН Македонија;

10. Предлог-Одлука за дополна на Програмата за урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2021 година;

Образлагач: По точките 9 и 10-Горан Петровски-Советник за енергетска ефикасност.

11.Предлог- Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година;

Образлагач: Сузана Петровска- Советник за вработување и информативен систем и за човечки ресурси

12. Предлог-Одлука за финансиска помош Тања Механџиски;

13. Предлог-Одлука за финансиска помош Стојанка Тодоровска;

14. Предлог-Одлука за финансиска помош Влатко Цинцовски;

Образлагач: По точките 12, 13, 14-Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево.

15. Предлог-Одлука за финансиска поддршка на Кик Боксинг клуб АС;

16.Предлог-Одлука за доделување награда на најдобрите ученици од ромска националност во општинските основни училишта;

Образлагач: По точките 15 и 16- Ванчо Новоселски-Советник за образование.

17.Предлог-Одлука за дополнување на Одлуката за определување на населени места во општина Делчево во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување;

18.Предлог-Програма за работа на Соработникот за превенција, заштита и спасување, Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР, Одделение за локален економски развој, превенција, заштита и спасување при општина Делчево за 2021 година;

Образлагач: По точките 17 и 18 -Кире Цоневски- Соработник за превенција, заштита и спасување.

19.Годишен извештај за реализирани активности на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата- Делчево за 2020 година со Заклучок за усвојување;

20. Предлог-Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата- Делчево за 2021 година;

Образлагач: По точките 19 и 20-Николина П.Мавродиева-Виш соработник за сообраќај и патишта.

21.Предлог-Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на решение за реконструкција на санитарни јасли во ООУ „Ванчо Прке“ во Делчево;

22. Предлог-Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на решение за адаптација со пренамена на поткровен простор во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

Образлагач: По точките 21 и 22- Звонко Атанасов-Раководител на Одделението за урбанизам, заштита на ЖС, комунални дејности и сообраќај.

23. Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година.

Образлагач: Анка Христова-Раководител на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање со имотот на Општината;

24. Предлог-Програма за урбана опрема на територијата на град Делчево;

Образлагач: Андријана Соколовска-Помлад соработник за уредување на градежно земјиште.

25. Предлог-Одлука за одобрување на приоритетен објект за апликација по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ преку фондовите на Европската инвестициона банка;

Образлагач: Звонко Атанасов-Раководител на Одделението за урбанизам, заштита на ЖС, комунални дејности и сообраќај.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

За збор се јави Сашко Ивановски кој предложи дневниот ред за 52.седница да се дополни со уште три точки коишто, како што рече тој, се од круцијално значење за граѓаните и тоа:

1. Одлука за парична помош на семејства кои во семејството имаат лице со попреченост или

со посебни потреби;

2. Одлука за определување на минимална сума-6.000 денари за покривање на трошоци за терапија за лица кои прележале КОВИД 19;
3. Одлука за парична помош на семејството на Дејан Белогазовски.

Во врска со првите две точки тој рече дека истите биле предлагани на некоја претходна седница и било ветено од страна на претседателот дека ќе се разговара со градоначалникот и службите, но досега тоа не било направено.

Во врска со третата точка тој истакна дека моментално е актуелно по социјалните мрежи дека се собираат средства за донација и помош на семејството на Дејан Белогазовски за операција на неговиот 18-годишен син. На крајот, С.Ивановски истакна дека очекува поддршка и разбирање од страна на советниците од СДСМ и коалицијата.

Претседателот на Советот истакна дека предлозите на Сашко Ивановски се во ред и нема спорно точките да бидат ставени на дневен ред, но пред се мора да бидат доставени во писмена форма, на начин како што е предвидено во Деловникот за работа на Советот на Општина Делчево. Имено, од член 148 па до 183 во Деловникот детално и прецизно се определни условите и начините за доставување предлог-одлуки за седница на Совет. Согласно член 149 од Деловникот „Советот донесува одлуки од своја надлежност и на иницијатива поднесена од членовите на Советот, јавните служби, установи и претпријатија, облиците на месна самоуправа, здруженијата на граѓаните, граѓаните и други субјекти.

Иницијативата му се доставува на претседателот на Советот, кој ја упатува на Градоначалникот заради давање мислење.

Ако градоначалникот смета дека нема потреба од донесување одлука, за тоа ќе го извести претседателот на Советот и подносителот на иницијативата, наведувајќи ги причините за тоа.

Ако подносителот на иницијативата смета дека причините не се оправдани, тој може својата иницијатива повторно да ја поднесе преку претседателот на Советот.

Повторната иницијатива за донесување на одлука се претресува на седница на Советот, заедно со мислењето на градоначалникот.

Откако ќе ја разгледа повторната иницијатива, Советот може со заклучок да го задолжи градоначалникот да изготви и поднесе предлог на одлука.

За ставот што ќе го заземе по повторната иницијатива за донесување на одлука, Советот ќе го извести подносителот на иницијативата“. Согласно член 152 , предлог-одлуката мора да ги содржи причините за донесување на одлуката и тоа:правните основи по кои соодветните прашања можат да се уредуваат; целта што се сака да се постигне со уредувањето на односите на предложениот начин, како и последиците што ќе произлезат од предложените решенија, финансиски средства потребни за спроведување на одлуката и начинот на обезбедување на тие средства,. Исто така, предлогот мора да биде образложен. Јас, како претседател на Советот, на самата седница дознавам за вашите предлози кои се само предлози, без конкретно да бидат дадени како што налагаат одредбите на Деловникот, не е спорно и на самата седница да се доставаат предлози, но мора да бидат изготвени како што треба. Сите овие предлози бараат финансиски средства, согласно член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа, прописите на Советот за чие извршување се потребни финансиски средства мораат да содржат одредби со кои се утврдуваат изворите на финансирање и висината на

финансиските средства. Не може Советот да гласа нешто што не постои, не е конкретно. Потребно е да се поднесе Иницијатива за донесување предлог-одлука согласно Деловникот, па да се разгледа и одобри иницијативата и да се изготви текст на одлука.

Сашко Ивановски рече дека предлозите се конкретни и итни и произлегуваат од секојдневието, од тешката состојба на луѓето болни од КОВИД 19 или семејства кои имаат лица со посебни потреби. Не е првпат дневниот ред да се дополнува на самата седница, ние сме конструктивна опозиција и секогаш сме поддржувале секакви точки, а мнозинството нема слух за нашите предлози, неколкупати предлагаме дополнувања на дневниот ред, вие не ги ставате точките на дневен ред, рече С.Ивановски.

Драган Маневски рече дека вака доставени вашите предлози се дискриминирачки, кој на пример би ги примил тие средства за КОВИД 19? Има луѓе кои не биле во болница, ама ја прележале болеста, има луѓе кои не биле тестирани, а имале симптоми на КОВИД 19. Што, како, колку се тие луѓе, сето тоа мора да биде наведено во предлог-одлуката. Друга работа општината нема надлежниост во тој дел, да доделува средства за таа намена, а исто така и за лицата со попреченост, за нив државата има мерки и истите ги користат луѓето. Што се однесува до третиот предлог- Белогазовски треба да поднесе Барање за финансиска помош до Општината, за да може да се помогне со финансиски средства бидејќи согласно Правилникот за парична помош, се поднесува Барање со дополнителна документација. Можеби како членови на Сиветот треба да дадеме некои предлози за измена на Правилникот за доделување на ЕПП, рече Д.Маневски.

Кирил Тренчевски рече дека предлозите на Сашко Ивановски се „чисто популистички“ за сметка на маката на граѓаните и тоа не е во ред. Сакам да го прашам ако навистина толку сака да им помогне на граѓаните, зошто не ги достави предлозите онака како што треба и како што предвидува Деловникот? Зошто кога се изработува Буџетот не се доставуваат предлози од страна на советничката група на ВМРО ДПМНЕ? Ние сме членови на Советот и мора да знаеме како и на кој начин да предлагаме точки на дневен ред, рече К.Тренчевски.

Градоначалникот на Општината, Горан Трајковски, рече дека ова е осетлива проблематика и треба да се има сериозен пристап, ваквиот начин на предлагање точки на дневен ред на самата седница, без писмен текст е крајно несериозно. Претседателот ви ги цитираше одредбите од Деловникиот, Статутот и Законот. Изгответе конкретни предлози согласно Деловникот, доставете ги до нас, ќе ги разгледаме, ќе направиме анализа и ќе видиме дали може и како може. Сите одлуки мора да бидат засновани на законите, Деловникот и Статутот. По некоја моја груба проценка можеби станува збор за сума од 100.000 евра кои општината ги нема, не се предвидени. Лесно е да предложиш нешто онака на прес-конференција заради ситни политички поени, но некој тоа треба да до направи како што е предвидено и да биде засновано на закон, да се научиме како треба да се предлагаат точки на дневен ред. Сега полемизираме буквално без потреба. Што се однесува на тоа дали Општината помага, секако дека помагаме во рамките на финансиските можности, секој што поднел барање по Правилникот за доделување на ЕПП, добил парична помош. За крај ниту ВМРО ниту СДСМ не смееме да тераме политика со вакви чувствителни теми, истакна градоначалникот.

Процедурално реагираше Ванчо Велиновски кој рече дека иницијатива за предлог – одлука може да се поднесе и писмено и усно, за некои предлози претседателот на Советот рече дека ќе се консултира со градоначалникот, ама до денес ништо?

Д.Маневски рече не може усно да се поднесува без да биде во писмена форма, мора писмено

така е во Деловникот.

Билјана Ѓорѓиевска рече дека дискусијата се повторува и треба да се скрати, значи писмено треба да се достави предлогот и тоа е тоа.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по дневниот ред, беше затворена и истиот беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои Дневниот ред за 52.седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 51.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и Записникот беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 51.седница.

**Прва точка-Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2020 година со Годишен финансиски извештај, со Заклучок за усвојување;**

**Втора точка-Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно-планскиот регион за 2015-2019 со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по двете точки беше Емил Василев-претставник на Центарот за развој на Источно-планскиот регион кој рече дека кој рече дека ќе ги образложи и двете точки бидејќи се поврзани една со друга. Првата точка е извештај кој се однесува на спроведувањето на Програмата за развој на Источно-планскиот регион за 2015-2019 година за 2020 година. Како што истакна тој, во координација со 11 (единаесет) единици на локалната самоуправа во состав на регионот, Центарот за развој на Источниот плански регион реализирал активности согласно утврдените среднорочни цели и приоритети во програмата и годишниот акционен план. Со овој извештај се опфатени проектите финансирани од националниот буџет преку Програмите за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, проекти финансирани од националниот буџет преку Програмите на линиските министерства, АФПЗРР, проекти финансирани од ИНТЕРРЕГ ИПА – Програма за прекугранична соработка со Р.Бугарија , Швајцарската Агенција за развој и соработка – (SDC),Швајцарската конфедерација, ГИЗ-РЕД Програмата за регионален економски развој во Р.Македонија, УНДП и останати донатори. Во извештајот како што истакна Василев се опфатени и проекти реализирани од други чинители во регионот, во кои Центарот се јавува како партнер или поддржувач, како и проекти за кои Центарот има обезбедено директно податоци или податоци преку општините.Во врска со втората точка во детали беа образложени проектите кои се реализирани од страна на ИПР во 2020 година. За нашата Општина беа спомнати изградбата на пешачкиот мост и склучениот договор за иградба на Градски пазар. Бидејќи материјалите ги имате добиено и верувам дека сте го прочитале, јас не би ви одземал од времето и бе ве замолил ако имате прашања, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Билјана Ѓеорѓиевска која праша колку средства се доделени на Општина Делчево од страна на ИПР во 2020 година?

Емил Василев реше дека во 2020 година ИПР има издвоено средства за изградба на агро-метеоролошката станица и Градскиот пазар.

Градоначалникот на Општтина Делчево, Г.Трајковски рече дека во 2020 година од страна на ИПР е платен пешачкит мост 7 милиони денари, втора фаза за Градскиот пазар со 15 милиони денари и изградба на агро-метеоролошка или вкупно над 25 милиони денари и јас лично како градоначалник

сум задоволен од соработката со Центарот за развој на ИПР.

Емил Василев рече дека проектите што ги навел Градоначалникот се инфраструктурни проекти, но Центарот за развој на ИПР финансира и други проекти, како и обуки. Во програмата на ЦИПР секогаш има проекти за сите општини и отприлика сите 11 се рамномерно опфатени. Во 2021 година ќе има повеќе проекти за Делчево, за Киселичката пештера, улици во Стамер, изградба на главен колектор и др.

Градоначалникот истакна дека претходно 8 години не била платена членарината во ЗЕЛС и ЦИПР, со неговото доагање се измирени сите обврски и соработката е а високо ниво.

Славица Димитрова праша зошто во Извештајот не е спомнат пешачкиот мост?

Емил Василев рече пешачкиот мое е проект кој е завршен во 2019 година, а средствата се платени во 2020.

Билјана Ѓорѓиевска праша дали може да добие одговор за процентот за средства за Делчево за 2021 година?

Емил Василев рече дека не може да даде осговор на ова прашање бидејќи тој не го знае тоа во моментот, а Градоначалникот дополни дека процедурата е таква што прво се објавува Повик од страна на ЦИПР, па сите 11 општини аплицираат со проекти кои се бодираат пред се врз основа на регионалното значење на проектите.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по првата и втората точка беше затворена и на гласање беше ставена првата точка.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2020 година со Годишен финансиски извештај.

На гласање беше ставена и втората точка.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно-планскиот регион за 2015-2019.

Трета точка-Завршна сметка на ЈКП „Брегалница“- Делчево за 2020;

Образлагач по оваа точка беше Марија Сумрачка-Одговорен сметководител на ЈКП „Брегалница“-Делчево која рече дека Годишната сметка на ЈКП „Брегалница“-Делчево е изготвена во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување кои се применуваат во РСМ согласно законот за трговски друштва за мали и средни ентитети. Годишната сметка е поединечна, а валутата е македонски денар. Значајни користени сметководствени политики се материјални средства, парични средства и парични еквиваленти и побарувања од купувачите и обврски кон добавувачите, и приходите. Матријалните средства се презентирани според нивната набавна вредност намалена за амортизацијата која се пресметува со примена на пропорционалниот метод за периодите на користен век на средствата со примена на следните стапки 2,5% за згради, 25% за моторни возила и комјутери и 10-25% за мебел и опрема. Паричните средства се состојат од готовински парични средства и денарска благајна, а побарувањата од купувачите се искажани според номиналната вредност намалена за соодветната исправка на сомнителните побарувања. Обврските

спрема добавувачите се искажани според нивната номинална вредност. Приходите од продажба на добра се признаваат според објективната вредност на надоместокот кој е примен или се побарува. Приходите се прикажани по фактурна вредност, намалена за попусти и данокот на додадена вредност. Приходите се зголемени во однос на 2019 година и тоа се должи на покачената цена на водата, но и на зголемената потрошувачка на водата, а со тоа и на канализацијата. Што се однесува до финансискиот резултат, таа истакна дека ЈКП во своето работење во 2020 година, оствари позитивен финансиски резултат во износ од 974.938,00 денари. Битен сегмент во работењето на ЈКП во извештајниот период е намалувањето на долгорочните обврски на ентитетот за 844.840,00 денари. Ова намалување се должи на отплатени обврски по основ на даночни долгови по Решение на УЈП. Вкупните приходи за 2020 година се 45.837.668, а вкупните расходи 44.813.857, другите побитни информации веќе ги спомна директорот во образложението за претходната точка. Доколку имате прашања, повелете, рече М.Сумрачка.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Билјана Ѓеорѓиевска која праша за пренесена загуба во износ од 16.930.279,00 денари?

М.Сумрачка рече дека станува збор за акумулирана загуба, загуба од претходни години.

Сашко Ивановски ја праша М.Сумрачка на што се должи финансиската добивка на ЈКП „Брегалница“ кога во првите три квартала имаше загуба. Како и на кој начин се санира загубата за да се прикаже сега добивка?

М.Сумрачка рече дека е точно оти во 2020 година ЈКП имала негативен финансиски резултат, но со помошта од Владата на РСМ со средства од над милион денари која беше евидентирана ккао приход.

Сашко Ивановски праша дали како ЈКП имаат план доколку има негативен финансиски резултат и нема помош од Владата?

Директорот на ЈКП рече дека овие суми за кои зборува советникот не се собираат кумулативно и не е точно оти ЈКП е во загуба 2 милиони денари.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Брегалница“ за 2020 година

**Четврта точка-Годишен извештај за работата на ЈКП „Брегалница“- Делчево за 2020 година со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Стојче Стојковски кој рече дека 2020 година за ЈКП била тешка пред се поради кризата со КОВИД 19, но сепак благодарение на Владата на РСМ, Градоначалникот и ангажирањето на сите расположливи капацитети, ЈКП 2Брегалница“ ја завршила 2020 година со позитивен финансиски резултат во износ од 974.938,00 денари. Инаку, Извештајот се состои од неколку дела и тоа:основни податоци, дејност, организациска поставеност, органи на управување,

број на вработени и реализирани активности. Основна дејност на претпријатието е собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење, а покрај основната дејност, ЈКП „Брегалница" ги врши и следните дејности:одведување на урбани отпадни води преку канализационата мрежа, расчистување на отпадни води преку канализационата мрежа, собирање, транспорт и депонирање на комунален отпад, расчистување на диви депонии во градот и руралните населби, изградба на нова и реконструкција на постојна водоводна и канализациона мрежа, чистење и метење на улици и јавни површини, одржување и уредување на паркови и јавни зелени површини, одржување на градски зелен пазар, одржување на јавното осветлување и крпење на ударни дупки, прекопи и улици. Што се однесува на организациската поставеност тој истакна дека во ЈКП има 5 сектори и тоа: Сектор за општи и правни, Сектор за сметководство и комерција, Сектор водовод и канализација, Сектор за комунална хигиена, Сектор градско зеленило и гробишта. Секој од овие сектори во 2020 година има реализирано свои активности кои се наведени во материјалите што ги имате добиено. Секторот за правни и општи работи ги има извршено сите тековни работи околу правилно и законско функционирање на целокупното работење на претпријатието. Секторот за сметководство и комерција во 2020 година продолжил со ажурирање на податоците за корисниците на комуналните услуги, направена е надградба на софтверот за финансиското работење и на наплатата и ставена е во функција можноста за електронско плаќање на фактури, инвестиции во овој сектор се 144.360,00 денари. Секторот за вододвод и канализација во 2020 годинс фактурирал 552.570 м3 вода. Главни носители на потрошувачка на вода се домаќинствата со 503.415 м3 или 92%, а до правните лица се дистрибуирани 49.155м3 или 8%. Во 2020 година овој сектор ги има завршено своите редовни работни активности:отколнети 82 дефекти на главни водоводни линии, извршени 38 интервенции на разводна мрежа, санирани се 10 главни вентили, заменети 130 неисправни водомери, извршен приклучок на нови потрошувачи. Покрај тоа изградена е нова атмосферска канализација на Кеј на Брегалница, нова водоводна линија во СРЦ, атмосферска и фекална канализација во СРЦ, нова водоводна линија во Басарица, реконструкција на атмосферска канализација и на ревизиони шахти. Изведба на метална решетка за атмосферска канализација во должина од 3м на ул. Пере Тошев, фекална канализација во с. Полето, фекална канализација во с. Стамер, с. Град и др. Градежната група во 2020 година има повеќе активности и тоа:потрпорен ѕид на ул. Плачковица, изградна на троптоари со бекатон, во Први реон изградена е бекатонска патека со пропуст, во с. Звегор изградена е улица со бекатон, во с. Габрово-бекатонска патерка, уреден парк пред Жито маркет во ЦГП, изградба не бетонски тротоари околу нова црква, изградена е улица со бекатон во Стар Расадник, изградени се 2 пристапни патеки на пешачкиот мост, на Градската капела се изградени две пристапни патеки и паркинг. Инвестициите во овој сектор се 1.885.515,00. Секторот за комунална хигиена во 2020 година има собрано, транспортирани и депонирано комунален цврст отпад 6.100 тони или 580 тони месечно, како и 12,5 тони индустриски отпад месечно. Извршено е санирање и на депонијата Острец, извршено чистење на дивите депонии, на Граничниот премин. Инвестиции во овој сектор7.450 денари. Инвестициите во Секторот за градско зеленило и гробишта се 5.229.225,00. Вкупно остварените приходи за 2020 изнесуваат 45.837.668,00, а вкупните расходи 44.813.857,00 денари. Долгот спрема УЈП успешно се сервисира. Вкупно отплатени се 844.840,00, а остануваат уште 895.371,00. Доколку има прашања, повелете рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Славица Димитрова која рече дека на страна 19 точка 28. Приходи од одржување на паркови и зеленило, во 2020 година има 628.313,00 денари, а во 2019 имало 1.111.440 и го праша директорот на што се должи таа голема разлика од околу 470.000?

Стојче Стојковски рече дека таа разлика се однесува на тоа што е фактурирано толку колку што е завршена работа. Контролата на работите ги врши лице од Општина Делчево и претпријатието

не е оштетено.

Дијана Јосифовски рече дека има многу ѓубре кај Градскиот стадион и полиговот за полагање возачки испит и треба почесто да се собира, исто така тениските терени не се користат за играње тенис, заштитната мрежа е оштетена и праша дали може таму да се постави видео надзор?

Стојче Стојковски истакна дека заштитната мрежа на тениското игралиште била санирана пред извесно време, но несовесни лица повторно ја оштетиле. Инаку, во врска со ѓубрето/отпадот на тој простор кој го посочи советничката, тој истакна дека истиот се собира, транспортита и депонира согласно Распоредот.

Во врска со прашањето за видео надзор на тениските терени, Грдоначалникот истакна дека во тек е постапка/процедура за поставување на видео надзор на тениските терени и кај новата црква.

Дијана Јосифовски предложи да се изврши чистење на дивите депонии кај с. Нов Истевник каде нема контејнери и праша дали постои можност да се постават контејнери?

Директорот рече дека интенција на ЈКП е да се постават садови за отпад секаде каде не се собира комуналниот отпад.

Билјана Ѓеорѓиевска праша зошто во Табелата за приходи точка 35. Приходи од чистење депонија за инертен отпад нема приходи, дали при собирањето на комуналниот отпад се користат само возилата на ЈКП или се користат возила од друга општина и дали машината-ровокопач за 2020 година остварила приходи и колку се?

Директорот рече на таа ставка нема приходи бидејќи тоа е обврска на ЈКП, машината ровокопач се користи за сопствени потреби?

Сашко Ивановски рече дека од Извештајот може да се види дека секторот за водовод и канализација во 2020 година има извршено повеќе градежни работи (изградба на атмосферска и фекална канализација, водовод) и праша дали за сите тие работи има склучено Договор со општината, колку има приход од тоа и дали во руралните места се фактурира? Исто така Градежната група во рамки на овој сектор има изградено повеќе улици и пристапни патеки со бекатон, дали ЈКП може да го прави тоа, дали не е потребно одобрение?

Градоначалникот рече доколку советникот го интересираат сите тие работи подобро е да ги достави писмено.

Директорот рече дека во дејноста на ЈКП „Брегалница“ е и вршење на градежни работи, тоа е наша обврска, истакна тој.

Ванчо Велиновски рече дека за секоја машина, возило мора да се знае што работи, кога и каде, мора да има работен налог и штом има расходи за машината, мора да има и приходи.

Директорот рече дека машината ровокопач се користи исклучиво за нивни потреби и затоа нема прикажанао приход од таа машина.

Сашко Ивановски праша дали возилото Дачија дастер кое е прикажано како инвестиција во 2020 година во Секторот за водовод и канализација е донација или инвестиција? А, ако е донација зошто е прикажано како инвестиција?

Директорот рече дека не е важно дали е донација или инвестиција, важно е тоа што во времето на ВМРО ДПМНЕ немало набавено ништо.

Градоначалникот истакна дека Дачија дастер е донација од Швајцарската конфедерација.

Сашко Ивановски рече дека во приходниот дел на Извештајот се забележува дека приходите

бележат пораст во споредба со 2019 година и истакна дека тоа се должи пред се на покачувањето на цената на водата. Во расходниот дел постојано се зголемуваат трошоците за резервни делови 997.661 денари за 2020 и трошоците за репрезентација иако е пандемија. Сакам да го прашам директорот како и на кој начин ја покрија загубата која во првиот квартал беше 561.841 денари, во вториот 1.179.488 и во третиот 367.518, за да сега во извештајот се покаже финансиска добивка ?

Процедурално за збор се јави Кире Тренчевски кој рече дека има одговорен сметководител кој може да даде одговор на овие прашања.

Директорот на ЈКП „Брегалница" рече дека прашањето во во врска со резервните делови е одговарано повеќепати.

Реагираше Сашко Ивановски кој рече дека добива впечаток дека К.Тренчевски му е адвокат на директорот и упати забелешка до начинот на кој му се обраќаат директорот и градоначалникот на Општината. Рече дека нема потреба никој да вика и дека тој како советник има право да поставува прашања со точката на дневен ред.

Претседателот на Советот Драган Маневски рече дека прашањата се легитимни, но дел од нив се стручни и можеби треба да се постават на одговорниот сметководител. Што се однесува на забелешката за начинот со кој му се обратиле директорот и градоначалникот, претседателот на Советот рече дека секој треба да внимава со каков тон се обраќа на некој и ги замоли сите дискусијата да има ниво, без лични навреди и повишен тон.

Директорот на ЈКП, во врска со прашањето или забелешката дека ставката за резервни делови постојано се зголемува, истакна дека тоа е така поради тоа што дел од механизацијата која се уште е во функција е доста застарена и често има дефекти и дека одговорен за таа работа е поранееен директор на ЈКП во времето на ВМРО ДПМНЕ.

Сашко Ивановски го праша директорот за што е потрошен песок од 59м3, на што директорот истакна дека е потрошен за лични потреби.

Градоначалникот рече дека е срамота што еден член на Советот прашува за „смешни" 59м3 песок кога во изминативе 3,5 години е направен инвестициски бум во ЈКП „Брегалница".

Повторно реагираше Сашко Ивановски кој рече дека тонот со кој му се обраќа градоначалникот не е во ред и го замоли претседателот да реагира.

Претседателот на Советот ги замоли сите присутни уште еднаш да не викаат еден на друг, да не се навредуваат и да дискутираат како што доликува.

Процедурално за збор се јави К.Тренчевски кој побара 10 минути пауза за смирување на страстите?

Претседателот даде пауза од 10 минути.

По паузата за збор се јави Кристи Стојковски и праша колку ќе чини новото возило кое треба да се набави идали се предвидени средства?

Директорот рече дека истото ќе чини 6 милиони денари и истите се предвидени.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА" , 5 „ПРОТИВ" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЈКП „Брегалница"- Делчево за 2020 година.

**Петта точка-Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2021 до 31.03.2021 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Стојче Стојковски кој рече дека овој Извештај сите го имаат добиено со материјалите за седница на Совет и доколку има прашања, тој ќе даде одговор.

Претседателот отвори расправа по оваа точката

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша како е намалена загубата?

Директорот истакна дека со помош на Владата на РСМ, Општината и со намалување на непродуктитвните трошоци е намалена загубата.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на **Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2021 до 31.03.2021 година.**

**Шеста точка-Измена на Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница“ за 2021 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево кој рече дека измената на ГПБ за 2021 година се состои во тоа што во претходно донесениот план дбете вработувања беа предвидени преку унапредување, а сега се планитра со распишување на јавен оглас.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Билјана Ѓеорѓиевска која рече дека на минатата седница кога бил донесен овој план таа прашала дали веќе има вработени лица што ги извршуваат тие работи, одговорот од директорот бил дека има вработени такви лица и се планира да бидат унапредени. Што се смени во меѓувреме па се распишува јавен оглас за истите лица, праша таа?

Директорот истакна дека Годишниот план за вработување законски предвидува дека може да се менува според потребата. Сметаме дека со јавен оглас ќе има поголема транспарентност бидејќи на јавен оглас може да се јави секој што ги исполнува условите и имаме поголеми можности за избор.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“, 5 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на **Измена на Годишениот план за вработување на ЈКП „Брегалница“ за 2021 година.**

**Седма точка-Предлог-Одлука за приоритетен предлог-проект и финансиско учество;**

Оваа точка ја образложи Тони Стоименовски кој рече дека со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот „РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО НИЗВОДНО “. Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој, Министерството за локална

самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година. Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 6.013,377.42 денари. За реализација на проектот во должина од 162.22 метри потребно е да се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%. Средствата потребни за реализација на проектот “ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година.

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево јуа донесе Одлука за приоритетен предлог-проект и финансиско учество.

**Осма точка-Предлог-Одлука за приоритетен предлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби;**

Образлагач и по оваа точка беше Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР кој рече дека со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот „Изградба на Дел од велосипедска патека од Делчево до место викано Илин Камен “. Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој, а по програмата за за развој на подрачјата со специфични развојни потреби за 2021 година. Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 4.999,893.25денари.За реализација на проектот „Изградба на Дел од велосипедска патека од Делчево до место викано Илин Камен“. во должина од 720 метри потребно е да се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%.Средствата потребни за реализација на проектот „Изградба на Дел од велосипедска патека од Делчево до место викано Илин Камен“. ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за развој на подрачјата со специфични развојни потреби.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за приоритетен предлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко-планската документација, објект со намена Трафостаница „БОНД“ по барање на ЕВН Македонија;**

Образложение поднесе Горан Петровски кој рече дека од страна на ЕВН „Македонија има поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправно-изграден објект број 03-228/1 од 17.03.2016 година, “, а кое се однесува на бесправно изграден- Трафостаница „БОНД“, изградена на к.п.бр. 6041/3 КО Делчево, кој бесправно-изграден објект е во опфат на Генерален урбанистички план, за Делчево, а во зона со намена која е различна од предвидената намена во урбанистичката документација, односно, Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ, Советот на Општина Делчево констатира дека за истиот може да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко-планска документација.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше зтаворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко-планската документација, објект со намена Трафостаница „БОНД“ по барање на ЕВН Македонија.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за дополна на Програмата за урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2021 година;**

И оваа точка ја образложи Горан Петровски-Советник за енергетска ефикасност кој рече дека во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2021 година бр. 09-2149/1 од 29.12.2020 година , донесена од страна на Советот на Општина Делчево, се врши следната дополна: Во поглавјето ,, Урбанистички планови за град Делчево“ по точката 11 се додава точка 12 која гласи: „Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план-за намена Е1,13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат во КО Звегор, к.п. бр.3730 (вон град ) Општина Делчево“.Овој локалитет опфаќа цела или дел од к.п. бр.3730 во КО Звегор, к.п. бр.3730 (вон град ) Општина Делчево“.

Исто така, в о поглавјето ,, Урбанистички планови за град Делчево“ по точката 12 се додава точка 13 која гласи: „Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена А4- Времен престој за опфат во ко Делчево к.п. бр. 1852/4 Општина Делчево.

Овој локалитет опфаќа цела или дел од к.п. бр. 1852/4 ко Делчево Општина Делчево.

Оваа Одлука по донесувањето од страна на Советот на Опоштина Делчево ќе биде составен дел на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2021 година, донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-2149/1 од 29.12.2020 година.

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за дополна на Програмата за урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2021 година.

**Единаесетта точка-Предлог- Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година;**

Образлагач по оваа точка беше Сузана Петровска- Советник за вработување и информативен систем и за човечки ресурси која рече дека оваа Програма е доста обемна и таа ќе се поитруди накусо да ја образложи. На почетокот таа ја истакна појдовната основа и законските основи истакнувајќи дека остварувањето на социјалната заштита во Општина Делчево се заснова пред се на Законот за социјалната заштита; Законот за заштита на децата; Законот за семејство; Националната програма за развој на социјална заштита во РСМ; Програмата за развој на заштитата на децата во РСМ и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Македонија, како и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општината Делчево, каде се уредени правата на граѓаните од областа на социјалната, детската и здравствената заштита. Оваа Програма поблиску ги уредува подрачјата на социјална заштита, специфичните потреби на населението на Општина Делчево и начинот на остварувањето на правото на социјалната заштита. Програмата го има во предвид самиот процес на децентрализација неговата специфичност и сложеност и функциите кои постапно се пренесуваат од централно на локално ниво. Социјалната заштита во Општина Делчево ќе се реализира во согласност со расположливите финансиски средства.Програмата предвидува соработка со надлежниот Центар

за социјална работа, односно со Министерството за труд и социјална политика , приватниот сектор , невладините организации и секако со Советот за социјална заштита на Општина Делчево и Советот за социјална заштита на планскиот регион. Во Програмата се дадени податоци за местоположбата на општина Делчево, податоци за населението, институционални капацитети за спроведувањето на Програматаза СЗ, мапирање на социјалните проблеми на ранливите групи и нивните потреби и слично.

Доколку има прашања, повелете, рече С. Петровска.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Славица Димитрова која рече дека податоците од Центарот за социјални работи, не се точни.

Сузана Петровска рече дека сите податоци од институции се релевантни, Општината ги побарала по службен пат и сите имаат доставено официјален допис со податоци кои се внесени во Програмата. Дали се точни или не, јас не би коментирала, рече таа.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година;

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиска помош по барање на Тања Механџиски;**

Оваа точка ја образложи Драган Маневски-претседател на Советот кој рече дека по барање на Тања Механџиски Советот одобрува парични средства во висина од 30.000 денари.

Беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска помош по барање на Тања Механџиски;

**Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиска помош по барање на Стојанка Тодоровска;**

И оваа точка ја образложи Драган Маневски-претседател на Советот кој рече дека по барање на Стојанка Тодоровска, Советот одобрува парични средства во висина од 30.000 денари.

Беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска помош на Стојанка Тодоровска.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиска помош Влатко Цинцовски**;

Оваа точка ја образложи Драган Маневски-претседател на Советот кој рече дека по барање на Влатко Цинцовски, Советот одобрува парични средства во висина од 30.000 денари.

Беше отворена расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска помош Влатко Цинцовски;

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиска поддршка на Кик Боксинг клуб АС;**

И оваа точка ја образложи Драган Маневски кој истакна дека оваа одлука се однесува на Кик Боксинг клубот АС од Делчево бидејќи по објавениот повик не било разгледано неговото барање и затоа се предалага оваа одлука на износ од 30.000 денари.

Тој отвори расправа по точката и за збор се јави Дијана Јосифовски – претседател на Комисијата за спорт, која рече дека сака да ги информира членовите на Советот дека пропустот не е во Комисијата, едноставно кога биле разгледувани другите барања, барањето на на Кик Боксинг клубот АС од Делчево, го немало. Пропустот е на друго место.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска поддршка на Кик Боксинг клуб АС;

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за доделување награда на најдобрите ученици од ромска националност во општинските основни училишта;**

Образлагач по оваа точка беше Ванчо Новоселски-Советник за образование кој истакна дека по повод Светскиот ден на Ромите 8-ми Април се доделува парична наградата на најдобрите ученици од ромска националност во општинските основни училишта и тоа Селина Беќирова ученичка во шестто одделение при ООУ „Св.Климент Охридски" Делчево и Јасин Мемедов ученик во деветто одделение при ООУ „Ванчо Прке" Делчево. Висината на паричната награда изнесува 5.000 денари за секој ученик и истата ќе се исплати од Буџетот на општината за 2021 година.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Сашко Ивановски коој предложи оваа сума од 5.000 денари да биде репер за определување на сумата кога ќе се доделув награда на првенците на генерација.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување награда на најдобрите ученици од ромска националност во општинските основни училишта;

**Седумнаесетта точка -Предлог-Одлука за дополнување на Одлуката за определување на населени места во општина Делчево во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување;**

Точката ја образложи Кире Цоневски кој рече дека со оваа Одлука се врши дополнување на Одлуката за определување на населените места во општина Делчево кои се ослободуваат од такса за јавно осветлување (Одлука бр.09-390/1 од 26.02.2019 година).

Дополнувањето се однесува на член 1, каде во членот 1 став 1, алинеја 10, по зборовите „с. Бигла" се додаваат зборовите „**освен Бумбарска маала**".

Во членот 1 став 1, алинеја 11, по зборовите „с. Драмче" се додаваат зборовите „**освен Димовска маала".** Имено, Советот на Општина Делчево на својата на својата 20.седница, одржана на 26.02.2019 година, донесе Одлука за определување на населени места во општина Делчево во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување и истата е објавена во Сл.гласник бр.2 од 27.02.2019 година.Со оваа одлука која беше донесена од страна на Советот се определија населените места во општина Делчево во кои нема јавно осветлување и во

кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување.Комуналната такса за јавно осветлување не се наплатува во следните населени места:с. Петрашевец,с. Црквенец,с. Ветрен,с. Драмче, с. Киселица, с. Илиово, с. Бигла, с. Турија, с. Вратиславци, с. Косово Дабје и с. Селник.Бидејќи во меѓувреме во Димовска Маала во с. Драмче и Бумбарска Маала во с. Бигла, беше поставена мрежа/систем за јавно осветлување, ја предлагаме оваа Одлука за врши дополнување на Одлуката за определување на населените места во општина Делчево кои се ослободуваат од такса за јавно осветлување, со тоа што ЕВН ќе треба да ги задолжи со комунална такса за јавно осветлување имателите на електрични броила /обврзници во тие две маали.
Според тоа,согласно член 1 на оваа Одлука, Трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија (ЕВН Македонија), **треба да ги задолжи** обврзниците кои живеат во Бумбарска маала, с. Бигла и Димовска маала во с. Драмче со комунална такса за јавно осветлување, рече К.Цоневски.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“ и 3 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за определување на населени места во општина Делчево во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување.

**Осумнаесетта точка-Предлог-Програма за работа на Соработникот за превенција, заштита и спасување, Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР, Одделение за локален економски развој, превенција, заштита и спасување при општина Делчево за 2021 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Кире Цоневски- Соработник за превенција, заштита и спасување кој рече дека сите членови на Совет ја имаат добиено Програмата за работа за 2021 година, порано кога постоело Одделение се однесувала на работата на Одделението, а сега е само на Соработникот за превенција, заштита и спасување. Во Програмата се дадени појдовните и законските основи, планираните активности и мерки, како и финансиската конструкција на целата Програма. Доколку имате прашања, повелете, рече тој.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за работа на Соработникот за превенција, заштита и спасување, Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР, Одделение за локален економски развој, превенција, заштита и спасување при општина Делчево за 2021 година.

**Деветнаесетта точка-Годишен извештај за реализирани активности на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата- Делчево за 2020 година со Заклучок за усвојување;**

Образложение поднесе Николина П.Мавродиева-Виш соработник за сообраќај и патишта. Таа рече дека Годишниот извештај ги прикажува позначајните активности кои Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево ги реализираше врз основа на Годишната програма за 2020 година. Општинскиот совет во рамки на своите надлежности и во наредниот период ќе продолжи да ги спроведува активностите и кампањите по насоките зададени од страна на

Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. Сообраќајно-воспитниот натпревар „Детски семафор", како и натпреварот „Сообраќајно - техничка култура на младите" преку кои учениците и младите од основното и средното образование ги стекнуваат и прошируваат знаењата од обласа на сообраќајно-техничката култура во 2020 година, не се реализирале поради мерките за заштита и превенција на населението од вирусот Ковид - 19 донесени од Владата на Република Северна Македонија. Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево во соработка со сообраќајната полиција од Полициската станица од општа наделжност во Делчево на 09.10.2020 година реализираа кампања **„Брзината убива – вози одговорно"** со цел зголемување на јавната свест на учесниците во сообраќајот за последиците од неодговорното учество во сообраќајот и намалување на бројот на сообраќајни незгоди на подрачјето на Општина Делчево.

Кампањата започна со контрола на возачите и брзината на движење на возилата на влезот и излезот од градот Делчево, за потоа да продолжи и на улиците „Маршал Тито" и „Кеј на Брегалница" каде покрај редовната контрола им се доделуваа едукативни материјали.

Локациите на кои се вршеа контролите на брзината на движење и поделба на едукативни материјали се делници од улици и патишта каде во изминатите 5 години се имаат случено сообраќајни незгоди и каде има реакции од страна на жителите за непочитување на ограничувањето на брзината на движење.

Оваа кампања беше предвидена во Годишната програма на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2020 година, а едукативниот материјал беше обезбеден од страна на Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. Индикаторите за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2019 година покажуваат дека изминатата година се случиле 34 сообраќајни незгоди во кои 7 лица се здобиле со тешки телесни повреди, 9 лица се здобиле со телесни повреди, а кај 18 незгоди е предизвикана материјална штета.

Индикаторите за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2020 година покажуваат дека во текот на годината се случени 30 сообраќајни незгоди во кои 2 лица го изгубиле животот, 3 лица се здобиле со тешки телесни повреди, 5 лица се здобиле со телесни повреди, а кај 20 сообраќајни незгоди е предизвикана материјална штета. Најголем број на сообраќајни незгоди во 2019 година на подрачјето на општина Делчево се имаат случено на државен пат односно на магистралниот пат А3-10 и регионалниот пат Р1302 Делчево- Пехчево- 5, додека во 2020 година на магистралниот пат А3 се случиле 5 сообраќајни незгоди, а на регионалниот пат Р1302 Делчево- Пехчево има 1 незгода повеќе односно 6.

На локалните патишта во општина Делчево се забележува зголемување на бројот на случени сообраќајни незгоди и тоа во 2019 година се имаат случено 3 сообраќајни незгоди, додека во 2020 се имаат случено 4 сообраќајни незгоди.

На улиците во градот Делчево најголем број на сообраќајни незгоди во 2019 год. И во 2020 год. се имаат случено на Булевар Македонија и тоа во 2019 - 9, а во 2020 – 5.

Врз основа на податоците за причините за настанување на сообраќајните незгоди најголем број на сообраќајни незгоди се имаат случено заради непрописно држење на страна и правец при движење и тоа во 2019 – 28, додека во 2020 – 10.

Потоа втора причина во 2019 е изведување дејствие со возило – 2 и непочитување на правото на првенство на минување – 2, додека во 2020 втора причина за настанување на девет сообраќајни незгоди е движење со брзина поголема од дозволената.

За подобрување на оваа состојба од страна на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патишата Делчево предлагаме во сообраќајно превентивните кампањи да се стави акцент на старосните групи каде имаме најголем број на учесници во сообраќајни незгоди и кампањите да се планираат по целни групи.Најчестите иницијативи од страна на граѓаните во Делчево се однесуваат на поставувањето на технички средства за принудно забавување на

сообраќајот кои бараат да бидат поставени на сите пофреквентни сообраќајници каде возачите најчесто се движат со брзина поголема од дозволената.
Согласно позитивната регулатива од областа на сообраќајот овие препреки можат да се поставуваат на магистрални, регионални и локални патишта и улици во населените места на приодите кон училишта, детски установи, болници, спортски објекти и други места во близина на пешачки премин согласно прописите за безбедност во сообраќајот.
ОСБСП Делчево предлага поставување на технички средства за забавување на сообраќајот и на следните локации:

- пред основното подрачно училиште „Ванчо Прке“ во с.Ѕвегор;
- на приодот кон пешачкиот премин на Булевар Македонија кон основното училиште „Св.Климент Охридски“;
- на приодот кон Средното училиште „Методи Митевски Брицо“, Спортската Сала и основното училиште „Св.Климент Охридски“ поточно на улицата Ѓорче Петров и „Вера Јоциќ“.

Како дополнителна безбедносна мерка во сообраќајот за учениците кои своето патување кон училиштата го вршат преку магисталната улица Булевар Македонија препорачуваме активирање на сообраќајни патроли на граѓани и училишни сообраќајни единици кои ќе го обезбедуваат преминувањето на ученици преку оваа магистрална улица.

Покрај физичките препреки неопходно е да се дејствува со кампањи за подигнување на јавната свест за последиците од управување со брзина поголема од дозволената посебно на локации каде веќе се случиле сообраќајни незгоди и на локации каде има реакции/ барања/поплаки од граѓани за непочитување на поставената сигнализација или прекршување на одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, како и зачестени контроли од страна на полицијата на улиците каде согласно законската регулатива нема услови за поставување на ваков тип на препреки, истакна на крајот од своето образложение Н.П.Мавродиева.

Претседателот оптвори расправа по точката.

За збор се јави Дијана Јосифовски која побара ако може да се постават сообраќајни полицајци кај пешачкиот премин на “Булевар Македонија“ кај ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево, во периодот кога децата одат на школо, бидејќи многу пати се случува да се вози брзо и возачите да не застануваат за да ги пропуштат децата и покрај тоа што е пешачки премин. Таа рече дека ова прашање го посатвила на претходна седница, но одговор нема добиено.

Николина П. Мавродиева рече дека бањето/предлогот на советничката бил доставен до неа и на истото било одговорено благовремено. Одговорот бил адресиран до советничката, а исто така и до Полициската станица, зошто таа не го добила одговорот, не и е познато, но не е проблем, истиот ќе и биде доставен повторно.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за реализирани активности на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата- Делчево за 2020 година.

**Дваесетта точка-Предлог-Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата- Делчево за 2021 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Николина П.Мавродиева-Виш соработник за сообраќај и патишта која рече дека Годишната програма за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2021 година е изработена врз основа на законските

надлежности на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата, Деловникот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и Одлуката за формирање на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и истата е во функција на реализација на нејзините цели, визија и мисија.
Годишната програма на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево предвидува реализација на активности за унапредување на сообраќајното воспитување и образование во училиштата и спроведување на сообраќајно воспитни акции и манифестации, активности за унапредување на безбедноста на патиштата во општина Делчево, активности за сообраќајно техничко уредување во сообраќајот, активности за заштита на ранливите категории на учесници во сообраќајот, превентивно – промотивни активности во безбедноста во сообраќајот,активности за научно-истражувачки работи од областа на безбедноста во сообраќајот на патиштата и други активности поврзани со безбедноста на сообраќајот во општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево, ја донесе Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата- Делчево за 2021 година.

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на решение за реконструкција на санитарни јасли во ООУ „Ванчо Прке“ во Делчево;**

Оваа точка ја образложи Звонко Атанасов кој рече дека со оваа Одлука се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на КП бр.6684/1 КО Делчево инвеститорот Општина Делчево, за добивање на решение за реконструкција на санитарни јазли во Основното училиште „Ванчо Прке“ во Делчево, согласно Основниот проект за реконструкција на санитарни јазли во ОУ „Ванчо Прќе“ во Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржание – нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на решение за реконструкција на санитарни јасли во ООУ „Ванчо Прке“ во Делчево.

**Дваесет и втора точка-Предлог-Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на решение за адаптација со пренамена на поткровен простор во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.**

И оваа точка ја образложи Звонко Атанасов и рече дека се однесува на ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на КП бр.7055/2 КО Делчево инвеститорот Општина Делчево, за добивање на решение за адаптација со пренамена на поткровен

простор во Основното училиште „Св.Климент Охридски“ во Делчево, согласно Основниот проект за адаптација со пренамена на поткровен простор во ОУ „Ванчо Прќе“ во Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на решение за адаптација со пренамена на поткровен простор во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

**Дваесет и трета точка-Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година.**

Образлагач по точката беше Анка Христова-Раководител на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање со имотот на Општината која рече дека оваа одлука се предлага по барање на СОУ „М.М.Брицо“ и ООУ „Ванчо Прке“-Делчево дел од средствата од дотации за набавка на информатичка опрема.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2021 година.

Дваесет и четврта точка-Предлог-Програма за урбана опрема на територијата на град Делчево;

Образлагач по оваа точка беше Андријана Соколовска-Помлад соработник за уредување на градежно земјиште која тече дека со оваа Програма се утврдува потребата и се уредуваат стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на градот Делчево и постапката за давање согласност за поставување на урбаната опрема. Одделни изрази употребени во оваа Одлука се:

-Урбана опрема преставува опрема која се поставува на градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Под урбана опрема се смета опрема за продажба на: билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња. сладолед потоа телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување на објекти на органите на државната управа и резиденцијалните објекти, јавни санитарни јазли, тераси со и без настрешнци, покриени и непокриени шанкови, платформи за јавни манифестации, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, жардињери за цвеќе, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

-Јавни пешачки површини се плоштади, тротоари, пешачки улици и други површини наменети за пешачко движење предвидени со ДУП на град Делчево.

-Слободна проодна површина е дел од јавна пешачка површина наменета исклучиво за пешачко движење и изнесува минимум 150 см. Членот 16 од оваа Програма се однесува на подеталните стандарди за поставување на урбаната опрема.

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки зони и зелените површини во профилот на сообраќајницата, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

-Информативните табли служат за огласување, рекламирање и имформирање на граѓаните, а можат да бидат за јавна намена или за комерцијална намена;

-Поставувањето на информативните табли не треба да го попречува нормалното одвивање на пешачкиот и колскиот сообраќај;

- информативните табли може да се поставуваат на следниот начин:

а) прицврстени табли на објекти за огласување на културно уметнички, спортски и други манифестации;

б) слободно стоечки, преносливи и други табли-паноа од рекламен карактер и друга содржина;

- Огласите и другите текстуални објави може да се истакнуваат и на рекламни витрини, рекламни столбови и сл.

- Во случај кога информативните табли и рекламните паноа се поголеми и сложени ќе бидат изработени дополнителни графички прикази и ќе бидат доставени на совет за одобрување.

Потоа се наведени начините и условите за поставување на урбана опрема,како и постапката и согласностите. Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за урбана опрема на територијата на град Делчево.

**Дваесет и петта точка-Предлог-Одлука за одобрување на приоритетен објект за апликација по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ преку фондовите на Европската инвестициона банка;**

Образлагач по точката беше Звонко Атанасов-Раководител на Одделението за урбанизам, заштита на ЖС, комунални дејности и сообраќај кој рече дека оваа одлука се однесува на одобрување приоритетен објект за апликација по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ со финансирање преку фондовите на Европската инвестициона банка, како што следува:

Реконструкција на дел од дистрибутивната мрежа во градот Делчево зони – Милково Брдо, Ново Делчево и Потисен цевковод во Делчево, општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на приоритетен објект за апликација по Проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ преку фондовите на Европската инвестициона банка.

Со исцрпувањето на Дневниот ред, 52 седница на Советот на Општина Делчево заврши со работа во 17:25 часот.

**Записникот го водела** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**Снежана Трајкова** **Претседател,**

**Драган Маневски**